**Прилог бр. 2**

# ОБРАЗЕЦ НА ИЗВЕШТАЈ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА РАБОТА

**Комисија за односи со верските заедници и религиозни групи**

## ИЗВЕШТАЈ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА РАБОТА ЗА 2020 ГОДИНА

## 1. ПРОГРАМИ

| **Ново поглавје во развојот на нашето мултиконфесионално општество** |
|---|
| **Поврзаност со приоритетите на Владата:**<br>• *„Полноправно членство на Република Северна Македонија во НАТО“,*<br>• *„Успешно водење на пристапните преговори со Европската унија “,*<br>• *„Целосно спроведување на Охрдискиот рамковен договор и градење на граѓанска држава и етничка кохезија врз принципите на меѓусебна толеранција и почитување“ (Одлука за утврдување на стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија во 2020 г., Сл.весник на РСМ бр. 90/2019 од 08.05.2019 г.)*<br>**и од следниве приоритетни цели на Владата на РСМ за 2020 г.:**<br>• *„Зајакнување на позицијата на Република Северна Македонија на меѓународен план преку развој на билатералните, регионалните и мултилатералните односи со земјите кои се залагаат за слобода, демократија, владеење на правото и подобрување на заштитата на човековите права“;*<br>• *„Зајакнување на комуникацијата и соработката со дијаспората, унапредување на економската димензија и обезбедување на повисок квалитет на конзуларни услуги на нашите државјани во странство “;*<br>• *„Промовирање на европските вредности во процесот на пристапување во Европскта унија преку транспарентност, зајакнување на соработката со граѓанскиот сектор и академската заедница и интензивирање на регионалната соработка“;*<br>• *„Воведување на концептот на еднаквост и недискриминација во сите области на општественото живеење, а особено во областа на образованието, здравството, социјалната заштита, работните односи и правосудството“;*<br>• *„Активно учество во меѓународната борба против современите безбедносни закани и предизвици кои интересите на* |

| |
|---|
| *Република Северна Македонија, вклучувајќи го тероризмот, насилниот екстремизам и феноменот на странските борци"*<br>• *„Унапредување на човековите права и создавање институционални капацитети за нивна ефикасна заштита"*<br>• *„Создавање на услови за негување на слободата и разноликоста на творештвото и културните идентитети"*<br>• *„Унапредување на заштитата на културното наследство"*<br>• *„Развивање на регионалната и меѓународната културна соработка врз принципите на партнерство и размена" (Одлуката за утврдување на стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија во 2020 г., Сл.весник на РСМ бр. 90/2019 од 08.05.2019 г.)*<br>- |
| **Поврзаност со приоритетот и приоритетната цел на органот на државната управа:**<br>Активно промовирање на културните и верските вредности на Република Северна Македонија врз основа на постојана и конструктивна соработка со регистрираните цркви, верски заедници и религиозни групи и државните институции. |
| **Цел на програмата:**<br>• Промоција на културните и верските вредности во Република Северна Македонија и унапредувасње на меѓуконфесионалната соработка;<br>• Обезбедена заштита на начелото на секуларност, унапредени верски слободи и права и меѓународна соработка;<br>• Зајакната сервисна ориентација кон потребите на верските заедници. |
| **Показатели за успешност:**<br>• Број на одржани тркалезни маси, семинари, издадени публикации, одржани изложби и други културни и научни настани во 2020 г., 2021 г. и 2022 г.;<br>• Број на организирани заеднички јавни настапи на регистрираните цркви, верски заедници и религиозни групи и испраќање јасна порака за меѓуверска толеранција;<br>• Број на одржани договорно-консултативни средби со регистрираните цркви, верски заедници и религиозни групи за унапредување и заштита нивните права;<br>• Број на решени прашања од областа на заштита на културното верско наследство на регистрираните цркви, верски заедници и религиозни групи;<br>• Број на преземени иницијативи за унапредување на меѓународната соработка во областа. |

## 2. ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ

2.1. *Оценка на постигнати резултати од спроведувањето на програмите и потпрограмите*

| **Поврзаност со стратешкиот приоритет и цел на Владата:** | • „Полноправно членство на Република Северна Македонија во НАТО", |
|---|---|

| | | |
|---|---|---|
| **Поврзаност со приоритетите и целите на органот на државната управа:** | •	„Успешно водење на пристапните преговори со Европската унија “,<br>•	„Целосно спроведување на Охридскиот рамковен договор и градење на граѓанска држава и етничка кохезија врз принципите на меѓусебна толеранција и почитување“ (Од¬лука за утврдување на стратешките приоритети на Владата на Република Северна Ма¬кедонија во 2020 г., Сл.весник  на РСМ бр. 90/2019 од 08.05.2019 г.)<br>•	„Зајакнување на позицијата на Република Северна Македонија на меѓународен план преку развој на билатералните, регионалните и мултилатералните односи со земјите кои се залагаат за слобода, демократија, владеење на правото и подобрување на заштитата на човековите права“;<br>•	 „Зајакнување на комуникацијата и соработката со дијаспората, унапредување на економската димензија и обезбедување на повисок квалитет на конзуларни услуги на нашите државјани во странство “;<br>•	„Промовирање на европските вредности во процесот на пристапување во Европскта унија преку транспарентност, зајакнување на соработката со граѓанскиот сектор и академската заедница и интензивирање на регионалната соработка“;<br>•	„Воведување на концептот на еднаквост и недискриминација во сите области на општественото живеење, а особено во областа на образованието, здравството, социјалната заштита, работните односи и правосудството“;<br>•	„Активно учество во меѓународната борба против современите безбедносни закани и предизвици кои интересите на Република Северна Македонија, вклучувајќи го тероризмот, насилниот екстремизам и феноменот на странските борци“<br>•	„Унапредување на човековите права и создавање институционални капацитети за нивна ефикасна заштита“<br>•	„Создавање на услови за негување на слободата и разноликоста на творештвото и културните идентитети“<br>•	„Унапредување на заштитата на културното наследство“<br>•	„Развивање на регионалната и меѓународната културна соработка врз принципите на партнерство и размена“ (Одлуката за утврдување на стратеш-ките приоритети на Владата на Република Северна Македонија во 2020 г., Сл.весник  на РСМ бр. 90/2019 од 08.05.2019 г.)<br><br>Активно промовирање на културните и верските вредности на Република Северна Македонија врз основа на постојана и конструктивна соработка со регистрираните цркви, верски заедници и религиозни групи и државните институции. | |
| **Назив на програмата/потпрограмата:**<br>Ново поглавје во развојот на нашето мултиконфесионално општество | Цел на програмата/потпрограмата:<br>- Промоција на културните и верските вредности во Република Северна Македонија и унапредување на меѓуконфесионалната соработка; | **Одговорен:**<br>Сектор за соработка со црква, верска заедница и религиозна група и протокол и Сектор за соработка со државни институции и документација и административна |

| | | |
|---|---|---|
| | - Обезбедена заштита на начелото на секуларност, унапредени верски слободи и права и меѓународна соработка;<br>- Зајакната сервисна ориентација кон потребите на верските заедници. | поддршка |

**СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ**

| **Мерка/активност** | **Показател на резултат со појдовна основа и планираниот резултат на годишно ниво** | **Оценка за напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата** | **Коментар** |
|---|---|---|---|
| Истражување на јавното мислење за важни прашања од верска природа кај различни возрасни групи. | Спроведено истражување и анализа на резултатите. | Обезбедени статистички податоци кои ќе придонесат кон насоките во работењето на КОВЗРГ. Резултатите од истражувањето спроведено од КОВЗРГ придонесуваат успешно и веродостојно да ги следиме состојбите во одредена област, да анализираме, покренуваме иницијативи и заземаме ставови.<br>Истражувањето е спроведено во периодот јануари-март 2020 година. Резултатите се сумирани и беа претставени на работните средби со верските субјекти. Постигната е планираната цел, донесен е заклучок да се продолжи со истражувања на јавно мислење во различни формати и на различни теми од областа на работењето на институцијата. | Комисијата ќе продолжи да прави годишни истражувања бидејќи активноста дава одлични индикатори и наидува на интерес и поддршка од страна на верските субјекти и јавноста. |
| Публикација - водич„Основни прашања за исламот“ | Реализирана активност. | КОВЗРГ ја подготви и издаде публикацијата „Водич за запознавање со исламот“. Водичот го запознава читателот со основните информации за појавата на исламот, неговото ширење и историјат, потоа дава информации за исламското учење, за одредени елементи од исламската култура и цивилизација, како и за исламот и Исламската верска заедница во нашата земја. | Рецензент на делото е почитуваниот м-р Насир Реџепи, муфтија на ИВЗ во Штип. Со создавањето на оваа вредна публикација, во ова време на плурализам и информатичко општество, КОВЗРГ продолжува да работи на надоградување на меѓусебното запознавање на различните вероисповеди присутни во македонското општество. |

| ПЛАНИРАНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ НЕ БИЛЕ СПРОВЕДЕНИ | | | |
|---|---|---|---|
| **Мерка/активност** | **Образложение** | **Влијание** | **Препорака** |
| Издавање на публикација „Запознај ја Македонија“ на англиски јазик прилагодена за туристи со цел поттикнување на верскиот туризам | Нереализирана активност. | | КОВЗРГ немаше реални услови за реализација на оваа активност заради КОВИД ситуацијата. |
| Публикација „Македонските храмови во дијаспората“ по повод 60 години од осветувањето на првиот македонски храм во дијаспората | Започната активиност. | Започната активност за прибирање на материјали за подготовка на публикацијата. | КОВЗРГ немаше реални услови за комплетна реализација на оваа активност заради КОВИД ситуацијата. |
| Манифестација „Недела на заедничка молитва“ | Нереализирана активиност. | | КОВЗРГ немаше реални услови за реализација на оваа активностн заради КОВИД ситуацијата. |
| Организирање манифестација „Соборна- симболот на Скопје“ по повод 30 години од осветувањето на Соборниот храм „Св. Климент Охридски“ | Нереализирана активност. | | КОВЗРГ немаше реални услови за реализација на оваа активност заради КОВИД ситуацијата. |
| ИЗдавање на публикацијата „Верата во нивните очи“ по повод 1000 години од основањето на Бигорскиот манастир | Нереализирана активност. | | КОВЗРГ немаше реални услови за реализација на оваа активност заради КОВИД ситуацијата. |
| Доделување на годишно признание од КОВЗРГ | Нереализирана активност. | | КОВЗРГ немаше реални услови за реализација на оваа активност заради КОВИД ситуацијата. |
| Балканска средба на одговорните лица на државните институции кои работат во иста сфера како и КОВЗРГ | Нереализирана активност. | | КОВЗРГ немаше реални услови за реализација на оваа активност заради КОВИД ситуацијата. |

### *2.2. Оценка на спроведувањето на Годишната програма за работа на Владата*

Комисијата за односи со верските заедници и религозни групи нема доставено иницијативи до Владата на Република Северна Македонија согласно Годишната програма за работа на Владата за 2020 г. .

### *2.3. Оценка на спроведувањето на други активности кои произлегуваат од надлежностите и работата на органот на државната управа*

Согласно планот за јавни набавки за 2020 година КОВЗРГ спроведе јавна набавка за услуги од авторска агенција, јавна набавка за гориво за службено возило и јавна набавка за печатење на публикација. Во текот на 2020 година согласно планот за вработување немаше потреба од реализацијана вработувања.

**ОКОЛНОСТИ И РИЗИЦИ**

Комплетната реализација на активностите кои беа дел од Стратешкиот план и Годишниот план за работа за 2020 г. беше невозможно да се оствари заради фактичката ситуација со КОВИД пандемијата.

## 3. ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА И ПРЕПОРАКИ

Согласно реалните услови за работа Комисијата смета дека намалената реализација на предвидените активности е оправдана и во 2021 година се очекува смирување на КОВИД пандемијата и пропорционално на тоа создавање на услови за нормално функционирање на институцијата, со што би можело да се реализираат сите активности предвидени во Стратешкиот план за 2021-2023 година и Годишниот план за 2021 година.

**Директор**
**м-р Даријан Сотировски**